# П Р А В И Л Н И К

за организирање и за изведување на ученичките натпревари по

предметот Македонски јазик за основното образование

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат општите и специфичните критериуми за организирање и за изведување ученички натпревари по наставниот предмет Македонски јазик за основното образование на училишно, општинско, регионално и државно ниво; целите на натпреварите; вреднувањето на резултатите и наградувањето на учениците; известувањето за одржаните натпревари.

### Член 2

Натпреварите по предметот Македонски јазик за основното образование се оргазнизираат со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењата, умеењата, вештините и способностите на учениците, стекнати низ воспитно-образовниот процес по предметот Македонски јазик во периодот од VI до IX одделение на основното образование; да се следат состојбите во наставата по предметот Македонски јазик на територијата на Република Македонија, како и некои од потребите на наставниците и учениците поврзани со успешната реализација на целите на наставата по предметот Македонски јазик; да се поттикнува и да се развива натпреварувачкиот дух кај учениците, како еден од важните предуслови за постигнување висок успех во воспитно-образовниот процес и за полесно вклучување во повисоките степени на образование и во современите општествени текови; училишните, општинските и регионалните натпревари се организираат и со цел да се направи изборот на ученици за државниот натпревар.

Содржините за натпреварите се во согласност со современите дидактички принципи и со актуелните наставни програми и планови по предметот Македонски јазик од VI до IX одделение на основното образование.

### Член 3

Натпреварите по предметот Македонски јазик за основното образование се организираат и се изведуваат на: училишно, општинско, регионално и државно ниво.

Целните групи на натпреварите се:

- учениците од основното образование (од VI до IX одделение), на коишто македонскиот јазик им е наставен јазик;

- учениците од основното образование (од VI до IX одделение), на коишто наставен јазик им е еден од јазиците на заедниците во РМ.

## II ЦЕЛИ НА УЧЕНИЧКИТЕ НАТПРЕВАРИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

### Член 4

Целите на ученичките натпревари по предметот Македонски јазик за основното образование се следните:

- да се вреднуваат и да се рангираат знаењата, умеењата, вештините и способностите на учениците, стекнати низ воспитно-образовниот процес по предметот Македонски јазик во периодот од VI до IX одделение на основното образование;

- да се следат и да се споредуваат актуелните состојби во наставата по предметот Македонски јазик во основното образование на територијата на Република Македонија кај учениците на кои македонскиот им е мајчин јазик и кај учениците на кои македонскиот не им е мајчин јазик;

- да се следат потребите на наставниците и на учениците, поврзани со успешната реализација на целите на наставата по предметот македонски јазик;

- резултатите од натпреварите да се вклучуваат во современи стручни (дидактички, лингвистички, социолингвистички итн.) истражувања на состојбите во наставата по предметот Македонски јазик, на писмениот и на усниот јазичен израз на младите и, воопшто, на македонскиот јазик на територијата на РМ;

- да се поттикнува и да се развива натпреварувачкиот дух кај учениците, како еден од предусловите за постигнување подобри резултати и повисок успех во воспитно-образовниот процес и за полесно вклучување во повисоките степени на образование и во современите општествени текови;

- да се поттикнуваат учениците од двете целни групи на натпреварите за постигнување подобри резултати и повисок успех во воспитно-образовниот процес воопшто и во наставата по македонски јазик, што е во правопропорционален однос со нивните способности и вештини за правилна и функционална употреба и примена во живиот јазик и во секојдневните ситуации на знаењата и умеењата стекнати во наставата по предметот Македонски јазик;

- да се препознаваат, да се издвојуваат и да се поттикнуваат на понатамошни успеси и достигнувања учениците што покажуваат најдобри резултати на натпреварите по предметот Македонски јазик во основното образование.

- Училишните, општинските и регионалните натпревари се организираат и со цел да се направи изборот на учесниците во државниот натпревар.

## III ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИТЕ

Член 5

Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија (СДМЈЛ на РМ) ги организира општинските, регионалните и државниот натпревар по предметот Македонски јазик за оновното образование.

Сите активности за организирање и за изведување на општинските, регионалните и на државниот натпревар од моментот на распишувањето на конкурсот до известувањето за одржаните натпревари, освен активностите што се во надлежност на Министерството за образование и наука на РМ (МОН на РМ), ги спроведува Извршниот одбор (ИО) на СДМЈЛ на РМ, во соработка со советниците по македонски јазик при Бирото за развој на образованието на РМ (БРО на РМ).

## IV ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ НАТПРЕВАРИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА

## ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 6

Општите критериуми за организирање и за изведување на ученичките натпревари по предметот Македонски јазик за основното образование се следните:

- на натпреварите можат да учествуваат сите редовни ученици од основното образование (од VI до IX одделение), на коишто македонскиот јазик им е наставен јазик;

- учениците од основното образование (од VI до IX одделение), на коишто наставен јазик им е еден од јазиците на заедниците во РМ.

- натпреварите се изведуваат на македонски јазик;

- изборот на учениците што ќе се натпреваруваат на училишните натпревари се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на учениците во наставата по предметот Македонски јазик;

- изборот на учениците што ќе се натпреваруваат на регионалните натпревари и за државниот натпревар се врши врз основа на постигнатите резултати на пониските нивоа на натпреварување (училишно и општинско), а според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ;

- градот-домаќин на државниот натпревар и местото/местата на изведување на државниот натпревар ги определува СДМЈЛ на РМ, местото на изведување на општинските и регионалните натпревари го определува СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при Бирото за развој на

образованието на РМ, а училишните натпревари се изведуваат во училиштата што се заинтересирани да пријават ученик на натпреварите од повисоките нивоа;

- содржините и темите за натпреварите ги определува СДМЈЛ на РМ, според наставните програми за предметот Македонски јазик за VI, VII, VIII и IX одделение;
- содржините и темите за натпреварите се исти за учениците со мајчин и за учениците со немајчин македонски јазик, а се разликуваат според обемот на соодветните наставни содржини во соодветните наставни програми;
- содржините и темите за натпреварите може да се преземаат од сите наставни подрачја на наставните програми за предметот Македонски јазик – Јазик, Литература, Изразување и творење и Медиумска култура;
- категориите, начинот и формата на натпреварување (писмен тест, писмено изразување, есеј, монолог, дијалог, разговор, диктат, лекторирање, рецитирање, драматизација и сл.) на општинските, регионалните натпревари и на државниот натпревар ги определува СДМЈЛ на РМ;

- различните категории, начини и форми на натпреварување не се задолжителни за сите нивоа на натпреварите и за натпреварите во различна календарска година;

- писмените тестови и другите форми за натпреварување за општинските, регионалните натпревари и за државниот натпревар ги осмислува и ги изготвува СДМЈЛ на РМ;

- времетраењето на тестирањето за натпреварот, структурата на писмените тестови и наставните подрачја што ќе бидат застапени во тестовите за општинските, регионалните натпревари и за државниот натпревар ги определува СДМЈЛ на РМ,

- вкупниот број прашања и вкупниот број поени на тестовите, како и бројот на прашањата од различните наставни подрачја на наставната програма и бројот на поените за овие прашања во тестовите за општинските натпревари, регионалните и за државниот натпревар ги определува СДМЈЛ на РМ;

- писмените тестови за натпреварите може и не мора да содржат прашања од сите наставни подрачја на наставните програми за предметот Македонски јазик;

- писмените тестови за натпреварите содржат ист вкупен број прашања и ист вкупен број поени за содржините од наставните подрачја Јазик и Литература, независно од тоа дали во тестовите се вклучени соджини и од другите наставни подрачја;

- набљудувачите кои го следат државниот натпревар ги определува СДМЈЛ на РМ, а набљудувачите на општинските, регионалните натпревари ги определува СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- комисиите за вреднување на резултатите и за прегледување на тестовите од државниот натпревар ги составува СДМЈЛ на РМ, а за тестовите од општинските, регионалните натпревари - СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- комисиите за прегледување на тестовите се формираат од наставници кои не предаваат во одделението, со исклучок на наставниците од актуелниот состав на Извршниот одбор на СДМЈЛ на РМ;

- наставниците што се членови во актуелниот состав на Извршниот одбор на СДМЈЛ на РМ не можат да бидат ментори на ученици што учествуваат на натпреварите;

- наставниците по предметот Македонски јазик можат да им бидат ментори на ученици од паралелките во кои предаваат и на ученици од паралелки во кои не предаваат, а се од училиштето во коешто наставникот е во работен однос;

- скалата на поените и другите критериуми за освојување награди на државниот натпревар ги определува СДМЈЛ на РМ;

- незадоволните учесници на општинските, регионалните натпревари или на државниот натпревар (учениците или нивните ментори), најмногу во рок од 90 минути по објавувањето на резултатите можат да поднесат приговор до комисијата за одлучување по приговори;

- потврда за учество на регионалниот натпревар добиваат сите ментори, а признанија во вид на дипломи, пофалници и уверенија за натпреварувачите и менторите СДМЈЛ на РМ издава на државниот натпревар;

- за освоено прво, второ или трето место на државниот натпревар по Македонски јазик ученикот добива диплома, наставникот-ментор добива пофалница, а за позиција до десеттото место на ранг-листата учениците и нивните ментори добиваат уверение за учество на натпреварот.

## V СПЕЦИФИЧНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ НАТПРЕВАРИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Член 7

Специфичните критериуми за организирање и за изведување на натпреварите по предметот Македонски јазик за основното образование се определуваат во согласност со правилата што важат за натпреварите од различните нивоа.

Во точките 1, 2 и 3 од овој член на Правилникот се претставени критериумите за организирање и за изведување на училишните натпревари, на општинските, регионалните натпревари и на државниот натпревар по предметот Македонски јазик за основното образование.

За натпреварите од сите три нивоа важат и општите критериуми за организирање и за изведување на училишните натпревари од чл. 6 на Правилникот.

1. УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ

Специфичните критериуми за организирање и за изведување на училишните натпревари по предметот Македонски јазик за основното образование се следните:

- училишните натпревари не се во надлежност на СДМЈЛ на РМ, т.е. СДМЈЛ на РМ не учествува во организирањето и во изведувањето на ученичките натпревари од ова ниво;

- училишните натпревари се изведуваат во училиштата што се заинтересирани да пријават ученик на натпреварите од повисоките нивоа;

- право на учество на училишните натпревари имаат учениците што покажуваат постојан интерес за содржините по предметот Македонски јазик и што постигнуваат добри резултати и висок успех низ сите форми на наставата по овој предмет;

- училишните натпревари ги организираат и ги изведуваат активите на наставниците по македонски јазик во училиштата;

- тестот за училишните натпревари го составуваат наставниците од активите по македонски јазик во училиштата, а според содржините и темите за натпреварите определени од СДМЈЛ на РМ;

- умножувањето на тестот е обврска на наставниците од активите по македонски јазик во училиштата;

- трошоците за умножувањето на тестот и другите материјални трошоци за училишните натпревари се на товар на училиштата;

- набљудувачите на тестирањето и членовите на комисиите за прегледување на тестовите ги определуваат активите на наставниците по македонски јазик во училиштата;

- набљудувачите на тестирањето и членовите на комисиите за прегледување на тестовите се од редот на наставниците што не предаваат во VIII/IX одделение и што не им предаваат на учениците што се натпреваруваат;

- времетраењето на тестирањето за училишните натпревари го определуваат активите на наставниците по македонси јазик во училиштата;

- на тестот може да се освојат вкупно 100 поени;

- право на учество на општинските натпревари стекнуваат учениците што освоиле најмалку 80 поени на училишните натпревари;

- едно училиште може да пријави на општинските натпревари само по еден ученик за натпревар по македонски јазик во категориите натпревари - за учениците со наставен македонски јазик и за учениците со наставен јазик на една од заедниците во РМ;

- доколку на училишниот натпревар во едно училиште првото место го делат двајца или повеќе ученици, активот на наставниците по македонски јазик ги определува формите за избор само на еден ученик што ќе се пријави на општинските натпревари;

- училишните натпревари се изведуваат во втората половина на месец март.

## 2. ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ

Специфичните критериуми за организирање и за изведување на општинските натпревари по предметот Македонски јазик за основното образование се следните:

- општинските натпревари ги организира и ги спроведува СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- општинските натпревари се организираат и се изведуваат во централните општини на Р Македонија, како и во неколку градски општини во Скопје со кои се опфатени и приградските;

- изборот на учениците што ќе се натпреваруваат на општинските натпревари се врши врз основа на постигнатите резултати на учениците во наставата по предметот Македонски јазик;

- доколку се организираат училишни натпревари, право на учество на општинските натпревари имаат учениците што освоиле најмалку 80 поени на училишните натпревари;

- на општинските натпревари може да учествува само еден/по еден ученик од училиштата што организирале училишни натпревари во категориите натпревари - за учениците со наставен македонски јазик и за учениците со наставен јазик на една од заедниците во РМ;

- доколку едно училиште пријави за општинските натпревари повеќе од еден ученик во иста категорија натпревари, Извршниот одбор на СДМЈЛ на РМ го задржува правото да го дисквалификува училиштето од општинските натпревари;

- пријавувањето на учениците за општинските натпревари се врши во соодветните училишта каде што ќе се изведуваат натпреварите, според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ во конкурсот за натпреварите;

- пријавата за учество на учениците на општинските натпревари ја поднесуваат наставниците-ментори, според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ во конкурсот за натпреварите;

- со пријавата на учениците за учество на општинските натпревари, наставниците-ментори се должни да приложат копија од уплатницата за уплатена годишна членарина во висина од 300 (триста) денари за нивното членство во СДМЈЛ на РМ, а на сметката на СДМЈЛ на РМ;

- со пријавата на учениците за учество на општинските натпревари, наставниците-ментори се должни да приложат копија од уплатницата за уплатена

котизација на ученикот за учество на општинскиот натпревар, во висина од 200 (двесте) денари, а на сметката на СДМЈЛ на РМ;

- со пријавата на учениците за учество на општинските натпревари, наставниците-ментори се должни да приложат писмена изјава од родителите/старателите на учениците за согласност нивното дете да учествува на општинскиот натпревар под условите пропишани од СДМЈЛ на РМ и на денот на натпреварот да патува до местото на одржување на општинскиот натпревар;

- наставниците-ментори се должни да ги придружуваат своите ученици на патувањето до местото каде што ќе се натпреваруваат, за време на дневниот престој во местото на општинскиот натпревар и на патувањето назад до местото од каде што доаѓаат;

- доколку наставникот-ментор е спречен да го придружува својот ученик, ученикот во текот на целиот ден на натпреварот треба да биде придружуван од родител/старател или од лице коешто со писмена изјава потпишана од родителите/старателите и пополнета со сите податоци за лична идентификација на родителите/старателите ќе биде овластено да го придружува во текот на целиот ден на одржувањето на натпреварот;

- СДМЈЛ на РМ не презема никаква одговорност за учениците во текот на денот на одржувањето на општинскиот натпревар;

- тестовите за општинските натпревари ги составува СДМЈЛ на РМ, а според претходно определените содржини и теми за натпреварите;

- тестовите во електронска форма им се доставуваат на училиштата каде што ќе се изведуваат натпреварите, а три часа пред почетокот на натпреварите и на електронската адреса што за таа намена ќе ја достават училиштата;

- тајноста на тестовите до моментот на електронското испраќање до училиштата каде што ќе се изведуваат натпреварите е на одговорност на составувачите на тестовите од редот на ИО на СДМЈЛ на РМ и на лицето коешто електронски ќе го испрати тестот;

- тестовите во електронска форма ги доставува ИО на СДМЈЛ на РМ;

- листовите за шифрирање на натпреварувачите се доставуваат во електронска форма истовремено со тестот;

- електронското преземање и печатењето на оригиналниот примерок на тестот се на физичка и морална одговорност на лицата коишто за таа намена ги определуваат училиштата каде што се изведуваат натпреварите, како и на набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- училиштата каде што се изведуваат натпреварите се должни да организираат и да спроведат навремено умножување на тестовите и на листовите на шифрирање во потребниот број примероци, а најмногу во рок од половина час по електронското преземање и по печатењето на оригиналниот примерок на тестот и во согласност со правилата за тајност на постапката;

- доколку во текот на натпреварите и по нив се установи нарушување на тајноста на тестот, одговорноста ја преземаат лицата коишто од училиштата биле определени за електронското преземање и за печатењето на оригиналниот примерок на тестот и на набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- по печатењето на оригиналниот примерок, тестот го преземаат набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ;

- тестот се умножува во присуство на набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ;

- натпреварувачите го предаваат изработениот тест со шифра, а не со лично име и презиме или со други лични податоци;

- шифрирањето на натпреварувачите се врши во текот на тестирањето, на начин определен од ИО на СДМЈЛ на РМ, при што шифраторот внимава ученикот да не ја види шифрата под којашто се презема неговиот тест;

- шифрирањето на натпреварувачите го вршат лицата коишто учествуваат во спроведувањето на тестирањето, опредлени од ИО на СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- дешифрирањето на натпреварувачите се врши по завршеното прегледување и по извршеното рангирање на тестовите, во присуство на членови од ИО на СДМЈЛ на РМ;

- трошоците за умножувањето на тестот и на листовите за шифрирање и за ужината на учениците во текот на натпреварот се на товар на СДМЈЛ на РМ;

- патните трошоци и трошоците за дневниот престој на учениците и на нивните ментори во местото каде што се одржуваат натпреварите не се на товар на СДМЈЛ на РМ;

- училиштата каде што се одржуваат општинските натпревари се должни да обезбедат соодветни просторни услови за тестирањето, според бројот на пријавените натпреварувачи;

- времетраењето на тестирањето е 90 минути;

- набљудувачите на тестирањето и членовите на комисиите за прегледување на тестовите се од редот на наставниците што не предаваат во одделението (со исклучок на наставниците што се членови во актуелниот состав на ИО на СДМЈЛ на РМ), а ги определува СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

- на тестот може да се освојат вкупно 100 поени;

- резултатите од тестирањето се објавуваат во училиштето на денот на натпреварите, а најдоцна следниот ден и на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ (Сојуз на ДМЈЛ);

- учесниците на натпреварите (учениците и нивните ментори) се должни да се информираат за резултатите објавени во училиштата или на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ, а СДМЈЛ на РМ не презема одговорност за нивна евентуална

неинформираност и не спроведува форми за дополнително лично информирање на учесниците за резултатите од натпреварите;

- учесниците на натпреварите (учениците и нивните ментори) што нема да се информираат за резултатите на денот на натпреварите, го губат правото на приговор во врска со евентуално несогласување со резултатите објавени во училиштата каде што се изведуваат натпреварите ;

- незадоволните учесници на натпреварите (учениците или нивните ментори) имаат право на приговор најмногу во рок од 90 минути по објавувањето на резултатите, а приговорот се поднесува до комисијата за разгледување на приговорите;

- трочлената комисија за разгледување на приговорите ја составува СДМЈЛ на РМ, а во неа задолжително учествува претставник од Бирото за развој на образованието на РМ;

- комисијата ги собира и ги разгледува приговорите од сите општини и им одговара на поднесувачите во рок од три дена по завршувањето на натпреварите;

- право на учество на регионален натпревар стекнуваат учениците што освоиле најмалку 71 поен на општинските натпревари;

- учесниците на општинските натпревари со освоени 71-80 поени се рангираат на 3. место, со освоени 81-90 поени се рангираат на 2. место и со освоени од 91-100 поени се рангираат на 1. место.

- општинските натпревари се изведуваат во месец март/април;

## 3. РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ

Специфичните критериуми за организирање и за изведување на регионалните натпревари по предметот Македонски јазик за основното образование се следните:

4. регионалните натпревари ги организира и ги спроведува СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

5. регионалните натпревари се организираат и се изведуваат во осум региони на Р Македонија;

6. изборот на учениците што ќе се натпреваруваат на регионалните натпревари се врши врз основа на постигнатите резултати на учениците во наставата по предметот Македонски јазик;

7. право на учество на регионален натпревар стекнуваат учениците што освоиле најмалку 71 поен на општинските натпревари;

8. на општинските натпревари може да учествува само еден/по еден ученик од училиштата што организирале училишни натпревари во категориите натпревари - за учениците со наставен македонски јазик и за учениците со наставен јазик на една од заедниците во РМ;

9. доколку едно училиште пријави за регионалните натпревари повеќе од еден ученик во иста категорија натпревари, Извршниот одбор на СДМЈЛ на РМ го задржува правото да го дисквалификува училиштето од регионалните натпревари;

10. пријавувањето на учениците за регионалните натпревари се врши во соодветните училишта каде што ќе се изведуваат натпреварите, според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ во конкурсот за натпреварите;

11. пријавата за учество на учениците на регионалните натпревари ја поднесуваат наставниците-ментори, според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ во конкурсот за натпреварите;

12. со пријавата на учениците за учество на регионалните натпревари, наставниците-ментори се должни да приложат копија од уплатницата за уплатена годишна членарина во висина од 300 (триста) денари за нивното членство во СДМЈЛ на РМ, а на сметката на СДМЈЛ на РМ;

13. со пријавата на учениците за учество на регионалните натпревари, наставниците-ментори се должни да приложат копија од уплатницата за уплатена котизација на ученикот за учество на регионалниот натпревар, во висина од 300 (триста) денари, а на сметката на СДМЈЛ на РМ;

14. со пријавата на учениците за учество на регионалните натпревари, наставниците-ментори се должни да приложат писмена изјава од родителите/старателите на учениците за согласност нивното дете да учествува на регионалниот натпревар под условите пропишани од СДМЈЛ на РМ и на денот на натпреварот да патува до местото на одржување на регионалниот натпревар;

15. наставниците-ментори се должни да ги придружуваат своите ученици на патувањето до местото каде што ќе се натпреваруваат, за време на дневниот престој во местото на регионалниот натпревар и на патувањето назад до местото од каде што доаѓаат;

16. доколку наставникот-ментор е спречен да го придружува својот ученик, ученикот во текот на целиот ден на натпреварот треба да биде придружуван од родител/старател или од лице коешто со писмена изјава потпишана од родителите/старателите и пополнета со сите податоци за лична идентификација на родителите/старателите ќе биде овластено да го придружува во текот на целиот ден на одржувањето на натпреварот;

17. СДМЈЛ на РМ не презема никаква одговорност за учениците во текот на денот на одржувањето на регионалниот натпревар;

18. тестовите за регионалните натпревари ги составува СДМЈЛ на РМ, а според претходно определените содржини и теми за натпреварите;

19. тестовите во електронска форма им се доставуваат на училиштата каде што ќе се изведуваат натпреварите, а три часа пред почетокот на натпреварите и на електронската адреса што за таа намена ќе ја достават училиштата;

20. тајноста на тестовите до моментот на електронското испраќање до училиштата каде што ќе се изведуваат натпреварите е на одговорност на составувачите

на тестовите од редот на ИО на СДМЈЛ на РМ и на лицето коешто електронски ќе го испрати тестот;

21. тестовите во електронска форма ги доставува ИО на СДМЈЛ на РМ;

22. листовите за шифрирање на натпреварувачите се доставуваат во електронска форма истовремено со тестот;

23. електронското преземање и печатењето на оригиналниот примерок на тестот се на физичка и морална одговорност на лицата коишто за таа намена ги определуваат училиштата каде што се изведуваат натпреварите, како и на набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

24. училиштата каде што се изведуваат натпреварите се должни да организираат и да спроведат навремено умножување на тестовите и на листовите на шифрирање во потребниот број примероци, а најмногу во рок од половина час по електронското преземање и по печатењето на оригиналниот примерок на тестот и во согласност со правилата за тајност на постапката;

25. доколку во текот на натпреварите и по нив се установи нарушување на тајноста на тестот, одговорноста ја преземаат лицата коишто од училиштата биле определени за електронското преземање и за печатењето на оригиналниот примерок на тестот и на набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

26. по печатењето на оригиналниот примерок, тестот го преземаат набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ;

27. тестот се умножува во присуство на набљудувачите на натпреварите, определени од СДМЈЛ на РМ;

28. натпреварувачите го предаваат изработениот тест со шифра, а не со лично име и презиме или со други лични податоци;

29. шифрирањето на натпреварувачите се врши во текот на тестирањето, на начин определен од ИО на СДМЈЛ на РМ, при што шифраторот внимава ученикот да не ја види шифрата под којашто се презема неговиот тест;

30. шифрирањето на натпреварувачите го вршат лицата коишто учествуваат во спроведувањето на тестирањето, опредлени од ИО на СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

31. дешифрирањето на натпреварувачите се врши по завршеното прегледување и по извршеното рангирање на тестовите, во присуство на членови од ИО на СДМЈЛ на РМ;

32. трошоците за умножувањето на тестот и на листовите за шифрирање и за ужината на учениците во текот на натпреварот се на товар на СДМЈЛ на РМ;

33. патните трошоци и трошоците за дневниот престој на учениците и на нивните ментори во местото каде што се одржуваат натпреварите не се на товар на СДМЈЛ на РМ;

34. училиштата каде што се одржуваат регионалните натпревари се должни да обезбедат соодветни просторни услови за тестирањето, според бројот на пријавените натпреварувачи;

35. времетраењето на тестирањето е 90 минути;

36. набљудувачите на тестирањето и членовите на комисиите за прегледување на тестовите се од редот на наставниците што не предаваат во IX одделение (со исклучок на наставниците што се членови во актуелниот состав на ИО на СДМЈЛ на РМ), а ги определува СДМЈЛ на РМ во соработка со советниците по македонски јазик при БРО на РМ;

37. на тестот може да се освојат вкупно 100 поени;

38. резултатите од тестирањето се објавуваат во училиштето на денот на натпреварите, а најдоцна следниот ден и на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ (Сојуз на ДМЈЛ);

39. учесниците на натпреварите (учениците и нивните ментори) се должни да се информираат за резултатите објавени во училиштата или на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ, а СДМЈЛ на РМ не презема одговорност за нивна евентуална неинформираност и не спроведува форми за дополнително лично информирање на учесниците за резултатите од натпреварите;

40. учесниците на натпреварите (учениците и нивните ментори) што нема да се информираат за резултатите на денот на натпреварите, го губат правото на приговор во врска со евентуално несогласување со резултатите објавени во училиштата каде што се изведуваат натпреварите ;

41. незадоволните учесници на натпреварите (учениците или нивните ментори) имаат право на приговор најмногу во рок од 90 минути по објавувањето на резултатите, а приговорот се поднесува до комисијата за разгледување на приговорите;

42. трочлената комисија за разгледување на приговорите ја составува СДМЈЛ на РМ, а во неа задолжително учествува претставник од Бирото за развој на образованието на РМ;

43. комисијата ги собира и ги разгледува приговорите од сите региони и им одговара на поднесувачите во рок од три дена по завршувањето на натпреварите;

44. учесниците на регионалните натпревари со освоени 75-83 поени се рангираат на 3. место, со освоени 84-92 поени се рангираат на 2. место и со освоени од 93-100 поени се рангираат на 1. место.

45. право на учество на државен натпревар стекнуваат учениците што освоиле најмалку 75 поен на регионалните натпревари;

46. за полесно спроведување на регионалните натпревари по предметот Македонски јазик за основното образование, СДМЈЛ на РМ определи осум региони во коишто се групирани општините каде што ќе се изведуваат натпреварите, и тоа:

- Регион 1: Скопје (Општини: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари, Сарај, Чаир, Петровец, Илинден, Арачиново, Сопиште, Студеничани, Чучер-Сандево);
- Регион 2: Тетово (Општини: Тетово, Јегуновце, Брвеница, Теарце, Желино, Боговиње, Гостивар, Врапчиште, Маврово-Ростуше);
- Регион 3: Охрид (Општини: Охрид, Струга, Вевчани, Дебар, Центар Жупа, Кичево, Дебарца, Ресен);
- Регион 4: Битола (Општини: Битола, Прилеп, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Могила, Новаци, Демир Хисар, Македонски Брод);
- Регион 5: Неготино (Општини: Неготино, Велес, Росоман, Кавадарци, Гевгелија, Дојран, Валандово, Богданци, Демир Капија);
- Регион 6: Радовиш (Општини: Радовиш, Штип, Струмица, Ново Село, Босилево, Василево, Конче, Карбинци);
- Регион 7: Кочани (Општини: Кочани, Виница, Берово, Пехчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Свети Николе);
- Регион 8: Куманово (Општини: Куманово, Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Липково, Старо Нагоричани, Ранковце).

47. ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР

Специфичните критериуми за организирање и за изведување на државниот натпревар по предметот Македонски јазик за основното образование се следните:

48. државниот натпревар го организира и го спроведува СДМЈЛ на РМ;

49. државниот натпревар се изведува во училиштето чијшто ученик го освоил првото место на претходниот државен натпревар;

50. доколку училиштето чијшто ученик го освоил првото место на претходниот државен натпревар не прифати да биде домаќин на натпреварот или доколку постојат реални причини натпреварот да не се изведува во ова училиште, ИО на СДМЈЛ на РМ го задржува правото да го определи местото на изведување на државниот натпревар;

51. изборот на учениците што ќе се натпреваруваат на државниот натпревар се врши врз основа на постигнатите резултати на учениците во наставата по предметот Македонски јазик;

52. доколку се организираат општински и регионални натпревари, право на учество на државниот натпревар имаат учениците што освоиле најмалку 75 поени на регионалните натпревари;

53. пријавувањето на учениците за државниот натпревар се врши во СДМЈЛ на РМ, според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ во конкурсот за натпреварите;

54. пријавата за учество на учениците на државниот натпревар ја поднесуваат наставниците-ментори, според критериумите пропишани од СДМЈЛ на РМ во конкурсот за натпреварите;

55. со пријавата на учениците за учество на државниот натпревар, наставниците-ментори се должни да приложат копија од уплатницата за уплатена годишна членарина во висина од 300 (триста) денари за нивното членство во СДМЈЛ на РМ, а на сметката на СДМЈЛ на РМ;

56. со пријавата на учениците за учество на државниот натпревар, наставниците-ментори се должни да приложат копија од уплатницата за уплатена котизација на ученикот за учество на државниот натпревар, во висина од 400 (четиристотини) денари, а на сметката на СДМЈЛ на РМ;

57. со пријавата на учениците за учество на државниот натпревар, наставниците-ментори се должни да приложат писмена изјава од родителите/старателите на учениците за согласност нивното дете да учествува на државниот натпреварпод условите пропишани од СДМЈЛ на РМ и на денот на натпреварот да патува до местото на одржување на државниот натпревар;

58. наставниците-ментори се должни да ги придружуваат своите ученици на патувањето до местото каде што ќе се натпреваруваат, за време на дневниот престој во местото на државниот натпреварот и на патувањето назад до местото од каде што доаѓаат;

59. доколку наставникот-ментор е спречен да го придружува својот ученик, ученикот во текот на целиот ден на натпреварот треба да биде придружуван од родител/старател или од лице коешто со писмена изјава потпишана од родителите/старателите и пополнета со сите податоци за лична идентификација на родителите/старателите ќе биде овластено да го придружува во текот на целиот ден на одржувањето на натпреварот;

60. СДМЈЛ на РМ не презема никаква одговорност за учениците во текот на денот на одржувањето на државниот натпревар;

61. тестовите за државниот натпревар ги составува СДМЈЛ на РМ, а според претходно определените содржини и теми за натпреварите;

62. тестовите умножени во потребниот број примероци и затворени во залепен плик или кутија, до почетокот на државниот натпревар се наоѓаат кај членовите на ИО на СДМЈЛ на РМ и кај набљудувачот на натпреварот;

63. членовите на ИО на СДМЈЛ на РМ коишто ги составувале тестовите и кај коишто се наоѓаат умножените тестови до почетокот на натпреварот, како и набљудувачот на натпреварот се одговорни за тајноста на тестовите;

64. листовите за шифрирање на натпреварувачите затворени во залепен плик, до почетокот на државниот натпревар се наоѓаат кај членовите на ИО на СДМЈЛ на РМ и кај набљудувачот на натпреварот;

65. натпреварувачите го предаваат изработениот тест со шифра, а не со лично име и презиме или со други лични податоци;

66. шифрирањето на натпреварувачите се врши во текот на тестирањето, на начин определен од ИО на СДМЈЛ на РМ, при што шифраторот внимава ученикот да не ја види шифрата под којашто се презема неговиот тест;

67. шифрирањето на натпреварувачите го вршат лицата коишто учествуваат во спроведувањето на тестирањето, опредлени од ИО на СДМЈЛ на РМ;

68. дешифрирањето на натпреварувачите се врши по завршеното прегледување и по извршеното рангирање на тестовите, во присуство на членови од ИО на СДМЈЛ на РМ;

69. трошоците за ужината на учениците во текот на натпреварот се на товар на СДМЈЛ на РМ;

70. патните трошоци и трошоците за дневниот престој на учениците и на нивните ментори во местото каде што се одржува натпреварот не се на товар на СДМЈЛ на РМ;

71. училиштето каде што се одржува државниот натпревар се обврзува да обезбеди соодветни просторни услови за тестирањето, според бројот на пријавените натпреварувачи;

72. времетраењето на тестирањето е 90 минути;

73. набљудувачите на тестирањето и членовите на комисиите за прегледување на тестовите од државниот натпревар се од редот на наставниците што не предаваат во одделението (со исклучок на наставниците што се членови во актуелниот состав на ИО на СДМЈЛ на РМ), а ги определува СДМЈЛ на РМ;

74. на тестот може да се освојат вкупно 100 поени;

75. резултатите од тестирањето се објавуваат во училиштето на денот на натпреварот, а најдоцна следниот ден и на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ (Сојуз на ДМЈЛ);

76. учесниците на натпреварот (учениците и нивните ментори) се должни да се информираат за резултатите објавени во училиштата или на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ, а СДМЈЛ на РМ не презема одговорност за нивна евентуална неинформираност и не спроведува форми за дополнително лично информирање на учесниците за резултатите од натпреварот;

77. учесниците на натпреварот (учениците и нивните ментори) што нема да се информираат за резултатите на денот на натпреварите, го губат правото на приговор во врска со евентуално несогласување со резултатите објавени во училиштата каде што се изведуваат натпреварите ;

78. незадоволните учесници на натпреварот (учениците или нивните ментори) имаат право на приговор најмногу во рок од 90 минути по објавувањето на резултатите, а приговорот се поднесува до комисијата за разгледување на приговорите;

79. тричленатa комисија за разгледување на приговорите ја составува СДМЈЛ на РМ, а во неа задолжително учествува претставник од Бирото за развој на образованието на РМ;

80. комисијата ги собира и ги разгледува приговорите и поднесува одговор до поднесувачите најмногу во рок од 90 минути по собирањето на приговорите;

81. државниот натпревар се изведува во втората половина на месец мај;

82. традиционално, во рамките на државниот натпревар за основното и/или за средното образование, СДМЈ на РМ го одржува своето годишно собрание;

83. доколку годишното собрание на СДМЈЛ на РМ се одржува во рамките на државниот натпревар за основното образование, местото-домаќин на натпреварот е должно да обезбеди соодветна просторија за одржување на годишното собрание.

## VI ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И НАГРАДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

### Член 8

Начинот на вреднување на резултатите од натпреварите и рангирањето на натпреварувачите се во надлежност на соодветните комисии. Во зависност од видот на натпреварот и од бројот на тестовите за прегледување, се формираат по една или по повеќе комисии за вреднување на резултатите и за рангирање на натпреварувачите за општинските натпревари и за државниот натпревар.

Комисијата се состои од најмалку три члена, а во комисијата за државниот натпревар задолжително учествува претставник од БРО на РМ. Комисијата ја определува СДМЈЛ на РМ.

Резултатите од натпреварите се јавни, а се објавуваат на денот на натпреварите во просториите на каде што се одржуваат натпреварите.

СДМЈЛ на РМ формира тричлена комисија за одлучување по приговори, во којашто задолжително учествува претставник од БРО на РМ.

Комисијата е должна да ги собере и да ги разгледа сите поднесени приговори и да ги извести поднесувачите за резултатите од разгледувањето на приговорите. За резултатите од разгледувањето на приговорите од општинските натпревари поднесувачите се известуваат најмногу во рок од три дена по спроведувањето на натпреварите. За резултатите од разгледувањето на приговорите од државниот натпревар поднесувачите се известуваат на денот на натпреварот.

Конечните ранг-листи се составуваат по добивањето на резултатите од разгледувањето на приговорите. Конечните ранг-листи се објавуваат на огласните табли на училиштата-домаќини и на фејсбук-профилот на СДМЈЛ на РМ.

Резултатите за првите три рангирани места треба да бидат со различен број поени, т.е. има само едно прво, едно второ и едно трето место наградени ученици од натпреварите. Во случај на кандидати со ист број поени се спроведува дополнителна проверка на знаењата до конечното селектирање на местото.

Признанија во вид на дипломи, пофалници и уверенија за натпреварувачите СДМЈЛ на РМ издава само на државниот натпревар. Дипломите, пофалниците и уверенијата ги потпишува претседателот на СДМЈЛ на РМ.

Други видови награди за учесниците на натпреварите, како и награди од страна на донатори и спонзори утврдува СДМЈЛ на РМ.

## VII ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖАНИТЕ НАТПРЕВАРИ

### Член 9

СДМЈЛ на РМ во рок од 15 дена по завршувањето на натпреварите доставува до училиштата извештаи за резултатите од натпреварите на сите нивоа, а за државниот натпревар по предметот Македонски јазик и до Комисијата за акредитација на здруженија на наставници, до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието.

Извештаите се составуваат според критериумите пропишани од МОН на РМ.

Скопје, 15. 3. 2017 г.

Претседател на СДМЈЛ на РМ

____________________________

М-р Гордана Алексова